- Уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции), со реализирани расходи во износ од 49.741.802,00 денари односно со индекс од 40,11% во однос на

планираните. *Капиталните инвестиции од страна на Општина Гази Баба во овој период бележат зголемување за 35,95% во однос на истиот во 2013 година.*

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-септември 2014 година, се во износ од вкупно **63.871.663,00** денари или со индекс од 37,72% во однос на планот за 2014 година, кој изнесува 169.310.000,00 денарии и бележат зголемување од 26,51% споредбено со истиот период од 2013 година. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

- –Јавно осветлување во износ од 26.891.194,00 денари со индекс од 61,82%;
- –Јавна чистота во износ од 4.059.161,00 денари со индекс од 71,21%;
- –Одржување и користење на зеленило се извршени расходи во износ од 16.200,00 денари со индекс од 5,23%,
- –Одржување и заштита на локалните патишта се извршени расходи во износ од 1.850.523,00 денари со индекс од 32,47%;
- –Други комунални услуги (субвенции) во износ од 5.697.479,00 денари со индекс од 73,04%;
- –Изградба на јавно осветлување се извршени расходи во износ од 17.388.326,00 денари со индекс од 53,50%;
- –Изградба и реконструкција на локални улици и патишта се извршени расходи во износ од 300.000,00 денари со индекс од 3,85%;
- –Изградба на системи за отпадни води се извршени расходи во износ од 7.668.780,00 денари со индекс од 12,17%;
- –Потпрограмата Урбана опрема нема трошењето на средствата во овој извештаен период.

Расходите за финансирање на **Програмата за Поддршка на локалниот економски развој** за периодот јануари-септември 2014 година се извршени во износ од **145.410,00** денари и истите се остварени со индекс од 2,14% во однос на предвидените со Буџетот за 2014 година, кои изнесуваа 6.780.000,00 денари.

Расходите извршени за **Програмата за култура** за извештајниот бележат извршување во износ од вкупно **2.410.996,00** денари, односно се со индекс од 18,76% во однос на планот за 2014 година кој изнесува 12.850.000,00 денари. Кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво има трошење во износ од 1.960.996,00 денари или 35,98% во однос на планираните, додека кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) реализирано е трошење во износ од 450.000,00 денари или 6,08% од планираното.

Кај **Програмата Спорт и рекреација** се извршени расходи во износ од **1.300.367,00** денари со индекс од 7,19% во однос на планираните 18.090.000,00 денари. Кај подпрограмата Л0 имаме реализација од 42,08% или 1.300.367,00 денари во однос на планираните 3.090.000,00 денари, додека кај Потпрограмата Спорт и рекреација (капитални трошоци) немаме трошења.

Кај Програмата В – Социјална заштита и заштита на деца, во рамките на основниот буџет, се бележи реализација од 3.482.937,00 денари и истите во најголем дел се однесуваат на Подпрограмата за Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) со реализација од 3.470.459,00 денари односно 86,76% во однос на планот.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за периодот јануари-септември 2014 година, може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите, за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и

детските градинки, реализираа расходи во вкупен износ од **231.277.775,00** денари, односно 65,89% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај буџетските корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од 185.091.449,00 денари, односно 66,82% од планираните расходи, а кај детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од 46.186.326,00 денари, односно со индекс од 62,41%.

Кај **расходите од донации** во третиот квартал на 2014 година се реализирани расходи во вкупен износ од 309.706,00 денари, односно 7,10% од планираните расходи.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од 20.936.945,00 денари или 33,77% во однос на планираните 62.000.000,00 денари.

Кај **расходите од кредити** се реализирани расходи во вкупен износ од 32.481.412,00 денари, односно 46,01% од планираните расходи.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2014 година, може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

Во прилог на оваа информација се доставува и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2014 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/5**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, бр.02-96/3 од 06.10.2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје, бр.02-96/3 од 06.10.2014 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/14).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/7**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА - БЛОК 1 И БЛОК 2, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план Источна индустриска зона - Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/6**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 26 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА - БЛОК 1 И БЛОК 2, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план - Источна индустриска зона - Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план-Источна индустриска зона - Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2002 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/02), Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 16,10 ха и е во рамките на следните граници:

• **Североисток**: осовина на улицата "Зендел Џемаил" ("Индустриска 3" - планирана по претходен ДУП),

• **Југоисток**: осовина на улица "Зендел Џемаил" ("Индустриска 3" - планирана по претходен ДУП),

• **Југозапад**: осовина на собирна ул. "Индустриска 1" ( планирана по ГУП на Град Скопје), осовина на улица "8", осовина на улица "7", коридор на ул."Зендел Џемаил" ("Индустриска 3"), осовина на собирна ул. "Индустриска 1" и

• **Северозапад**: северозападни граници на КП 2445/10 и КП 2444.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Источна индустриска зона - Блок 1 и Блок 2, Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр.У 01-06/11 од октомври 2014 година изготвен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ - Битола, содржи:

**С о д р ж и н а**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед
1. Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупна супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Инвентаризација на бесправно изградени градби
9. Анализа на степен на реализација на урбанистички план
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на Град Скопје, 2002 год.
12. Други податоци за планскиот опфат

**Графички дел:** Документациона основа, 2011 година

| | |
|---|---|
| 1. Извод од ГУП на Град Скопје, 2002 година | 1 : 5000 |
| 2. Извод од претходна урбанистичка планска документација | |
| - ДУП Источна индустриска зона - Маџари | |
| - Урбанистички проект за ПТТ Македонија | 1 : 1000 |
| 3. Ажурирана геодетска подлога | 1 : 1000 |
| 4. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби | 1 : 1000 |
| 5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупната физичка супрастуктура и комунална инфраструктура | 1 : 1000 |

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Вид на план и плански период
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на Град Скопје
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
   - 6.1. Сообраќајна инфраструктура
   - 6.2. Хидротехничка инфраструктура
   - 6.3. Електро-енергетска инфраструктура
   - 6.4. Телефонска мрежа и пратечки објекти
   - 6.5. Топловодна мрежа
   - 6.6. Гасоводна мрежа

7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

**Графички дел:** Планска документација 2011-2016 година

| | |
|---|---|
| 1. План на намена на земјиштето и градбите<br>Регулационен план и план на површини за градење | |
| План на зеленило | 1 : 1000 |
| 2. Сообраќаен план и нивелациски план | 1 : 1000 |
| 3. Инфраструктурен план | 1 : 1000 |
| 4. Синтезен план | 1 : 1000 |

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на оваа одлука, ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација се грижи секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/8**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Смилковци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/7**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11,162/12 и 95/13), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Смилковци.

**Член 2**

При донесување на урбанистичко-планската документација сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко - планската документација.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Смилковци, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Црешево, бр.07-5419/27 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/9**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СТРАЧИНЦИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Страчинци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/8**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11,162/12 и 95/13), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СТРАЧИНЦИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Страчинци.

**Член 2**

При донесување на урбанистичко-планската документација сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко - планската документација.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Страчинци, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Страчинци, бр.07-5419/29 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/10**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/9**
**од 30.10.2014 година**
**Скопј**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11,162/12 и 95/13), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Трубарево.

### Член 2

При донесување на урбанистичко-планската документација сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко - планската документација.

### Член 3

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

### Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Трубарево, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Трубарево, бр.07-5419/33 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/11**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЦРЕШЕВО**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Црешево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/10**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11,162/12 и 95/13), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЦРЕШЕВО

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за населено место Црешево.

### Член 2

При донесување на урбанистичко-планската документација сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко - планската документација.

### Член 3

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

### Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Црешево, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Црешево, бр.07-5419/25 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/12**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-5285 ЗА КП 4670 и КП 4904 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-5285 за КП 4670 и КП 4904 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/11**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14) а во врска со член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-5285 ЗА КП 4670 и КП 4904 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправниот објект од локално значење , со УП1 бр.28-5285 од 25.07.2011 година од страна на лицето Зејадин Азири од Скопје, а се однесува на објект зграда бр.2 со намена А1 семејна куќа, која се наоѓа на КП 4670 и КП 4904 КО Сингелиќ-1 ул."Палмиро Тољати" бр.22, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планска документација. заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно член член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со Детален урбанистички план за дел од МЗ МАЏАРИ II усвоен од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр.07-767/4 од 27.11.2001 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.2/02).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/13**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-541 ЗА КП 3820 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-541 за КП 3820 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/12**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14) а во врска со член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-541 ЗА КП 3820 КО СИНГЕЛИЌ - 1

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење, со УП1 бр.28-541 од 15.03.2011 година од страна на Звонко Илковски од Скопје, а се однесува на објект зграда бр.1 со намена А1-семејна куќа која се наоѓа на КП 3820 КО Сингелиќ-1, ул. "Јужноморавски Бригади" бр.5/16 Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планираното заштитно зеленило во урбанистичко-планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Бесправниот објект е изграден на земјиште на кое е планирано зеленило, предвидено со Детален урбанистички план за локалитет "КАМНИК" Урбан Блок I усвоен од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр.07-1038/5 од 14.03.2006 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградените објекти.

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/14**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-8767 ЗА КП 4469/2 КО СИНГЕЛИЌ - 1

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-8767 за КП 4469/2 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/13**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14) а во врска со член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА ВО НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-8767 ЗА КП 4469/2 КО СИНГЕЛИЌ - 1

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење, со УП1 бр.28-8767 од 22.08.2011 година од страна на Миле Јанчевски од Скопје, а се однесува на објект зграда бр.1 со намена А1-семејна куќа која се наоѓа на КП 4469/2 КО Сингелиќ-1 ул."Палмиро Тољати" бр.86 Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши промена на намената на планираното заштитно зеленило во урбанистичко- планска документација, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

Бесправниот објект е изграден на земјиште на кое е планирано детско игралиште, предвидено со Детален урбанистички план за дел од УЗ МАЏАРИ II усвоен од Советот на Град Скопје, со Одлука бр.08-1480/1 од 14.07.1994 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.5/94).

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградените објекти.

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4038/15**
**од 24.10.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-14139 ЗА КП 3632 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-14139 за КП 3632 КО Сингелиќ - 1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.10.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4275/14**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14) а во врска со член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и втората седница одржана на ден 24.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-14139 ЗА КП 3632 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**Член 1**

